РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 14-215/3
12.02. 2016 год.

Universiteti i EJL ne Tetovë - Republika e Macedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

Pranuar / Примено / Received: 23.02.2016

| Nj.org. / Орг.Един. / Org.unit | Numer / Број / No. | Shtojcë / Прилог / Attachment | Vlëra / Вредност / Value |
|---|---|---|---|
| 18 | 354 | 2 | |

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование (“Службен весник на Република Македонија” број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 6. седница одржана на 08.02.2016 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиска програма „Компјутерски науки, насока Веб и мобилни системи“, втор циклус студии на Факултет за современи науки и технологии, при Универзитет на југоисточна Европа**

1. Се акредитира студиска програма **„Компјутерски науки, насока Веб и мобилни системи“, втор циклус студии на Факултет за современи науки и технологии, при Универзитет на југоисточна Европа** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од две години (четири семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС и со звање: **Магистер по компјутерски науки,** Научно - истражувачко подрачје: Природно - математички науки, Техничко - технолошки науки, научно - истражувачко поле: Информатика, Компјутерска техника и информатика, научно - истражувачка област: 11002, 11003, 11005, 11007, 11008, 11009 11010, 11011, 21201, 21202, 21203, 21204, 21206, 21207, 21208.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Факултет за современи науки и технологии Тетово за организирање втор циклус студиска програма „Компјутерски науки, насока Веб и мобилни системи“, на 25.12.2015 година до Одборот за акредитација и евалуација на

високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 5. седница одржана на 25.01.2016 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Gorazd Rosoklija

Проф. д-р Горазд Росоклија